**Крашкомерц Краш д.о.о.е.л. Скопје**
**Даме груев бр. 3, 1000 Скопје**
**ЕДБ: 4030991254944**

Согласно член 2. и член 31. од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на РМ“ бр. 10/97,54/97,13/2001,2/2002 и 54/2007) друштвото за трговија Крашкомерц Краш д.о.о.е.л., Скопје Даме Груев бр. 3, 1000 Скопје, ЕДБ: 4030991254944, застапуван од Управителот Азур Абаџиќ (во понатамошниот текст Организатор), ги утврдува следниве

# ПРАВИЛА ЗА НАГРАДНАТА ИГРА „КРАЛСКА АВАНТУРА“

## Член 1.

Организаторот приредува наградна игра под име „Кралска авантура“ во периодот од 01.04.2010 – 31.08.2010 година, а со овие правила го одредува начинот и условите за учество во наградната игра, начинот на прогласување на добитниците на наградите, роковите за остварување на правата на наградите и други прашања кои се важни за приредување на наградната игра и учеството во неа.

## Член 2.

Целта на наградната игра е остварување на промотивни резултати за производите на Краш во проектот Football kings.

## Член 3.

Право на учество во наградната игра, која е предмет на овие правила, се остварува на следниов начин:
СО ПРАЌАЊЕ НА ПРАВИЛНО ПОПОЛНЕТ НАГРАДЕН ЛИСТ ОД АЛБУМОТ ЖИВОТИНСКО ЦАРСТВО FOOTBALL KINGS ПО ПОШТА.

За учество во наградната игра потребно е правилно да се пополни наградниот лист во албумот Животинско царство Football kings и заедно со име и презиме, адреса и телефонски број на учесникот најдоцна до 31.08.2010 година да се достават на адреса:

Крашкомерц Краш д.о.о.е.л. Скопје
КРАЛСКА АВАНТУРА
П.Ф. 260
1000 Скопје

Наградниот лист правилно е пополнет кога на него се сите барани податоци и правилно се излепени сите потребни сликички од број 1 до број 56 од чоколадцињата Животинско царство Football kings.

Секоја пратка учествува во наградното извлекување на 04.09.2010 година ако е навремено пристигната.
Секоја пратка може да биде извлечена само еднаш во наградната игра.

**Член 4.**

Во наградната игра од член 1. од овие правила се доделуваат вкупно 43 (со букви: четириесетитри) награди.

**Член 5.**

Наградната игра ги опфаќа учесниците од целата територија на Република Македонија

**Член 6.**

Право на учество во наградната игра немаат вработените во Крашкомерц д.о.о.е.л. Краш Скопје и Агенцијата ИДЕА Плус Комуникејшнс, Скопје.

**Член 7.**

Фондот на награди во наградното извлекување, кое го утврдува организаторот е:

| **Награди** | **Количина** | **Единечна цена (Ден)** | **Вкупна цена(Ден)** |
|---|---|---|---|
| Фамилиарно патување во DISNEYLAND (Paris) за 4 лица + џепарлак 400€ | 1 | 276.165,14 | 276.165,14 |
| Фамилиарно патување во LEGOLAND за 4 лица + џепарлак 200€ | 1 | 283.719,70 | 283.719,70 |
| Фамилиарно патување во GARDALAND за 4 лица + џепарлак 100€ | 1 | 178.841,50 | 178.841,50 |
| Nintendo wii играчка конзола | 10 | 14.911,66 | 149.116,60 |
| Детски сладок пакет | 30 | 1.000,00 | 30.000,00 |
| **СЕВКУПНО** | **43** | | **917.842,94** |

**Член 8.**

Сите награди се до вклучен ДДВ
Вкупната вредност на наградниот фонд изнесува 917.842,94 ден.
Наградите дефинирани во член 7. не е можно да се заменат или исплатат во парична противвредност.

**Член 9.**

Извлекувањето на добитниците ќе се одржи во просториите на Краш бонбониера продавница 1, ул. Македонија бр.43, 1000 Скопје на ден 04.09.2010 година.

Извлекувањето ќе го надгледува комисија со присуство на претставник на Краш и претставник од агенцијата Идеа Плус.

На извлекувањето на наградите ќе присуствува на Краш Комерц Дооел, Идеа Плус Комјуникејшнс и Нотар кој ќе води записник за извлекувањето.

**Член 10.**

Имињата на добитниците ќе бидат објавени во „Дневник" и „Вест" во рок од 3 дена по извлекувањето на добитниците, како и на веб страната на Крашкомерц Краш д.о.о.е.л. www.kras.mk.

**Член 11.**

Рокот за подигнување на наградите од наградната игра е 60 дена од денот на објава на добитниците во дневните весници.

Доколку добитникот на наградата по објавата во дневните весници во пропишаниот рок во став. 1. од овој член не ја подигнал наградата, ќе биде писмено известен за добивката, а дополнителниот рок за превземање на наградата е 10 дена од денот на приемот на писменото известување.
По истекот на рокот од став 1. и став 2. од овој член, наградата нема да може да се подигне.

Сите добитници се должни својот идентитет, при превземањето на наградите да го докажат со сопствена лична карта или (само во случај кога добитник е малолетник) со лична карта на еден од родителите како би можеле да го остварат правото на наградата.

При предавањето на нагрдата, добитникот мора да потпише записник за примопредавање. Со превземањето на наградата престануваат сите понатамошни обврски на организатирот према добитникот.

**Член 12.**

Во случај организаторот да оцени и докаже дека учесникот не ги почитувал Правилата на наградната игра, има право во било кое време да ги откаже сите обврски према учесникот.

**Член 13.**

Сите учесници во оваа наградна игра, се согласни да во случај да добијат некоја од наградите, Организаторот има право да го објави и користи нивното име, презиме, адреса и слика без никаква надокнада во пречатени, звучни, сликовити или видео материјали.

**Член 14.**

Малотните лица имаат право да учествуваат во наградната игра во согласност со законот.

**Член 15.**

Добитникот не подлежи на никакви даночни обврски, ниту плаќања поврзани со наградите

**Член 16.**

Наградната игра може да се прекине во случај на виша сила.
Во случај во наградната игра да се пријават помал број на учесници од бројот на предвидените награди со наградниот фонд, наградите ќе се доделуваат према дефинираниот редослед на наградите во наградниот фонд се додека не се наградат сите пријавени учесници.

**Член 17.**

Учествувајќи во наградната игра секој учесник ги прифаќа правата и обврските од овие Правила.
Во случај на спор за надлежен се одредува судот во Скопје.

**Член 18.**

Овие правила се применуваат откако Министерството за финансии на РМ за нив ќе даде согласност и истите ќе бидат објавени во дневниот печат и важи до денот на објава на резултатите од извлекувањето во завршниот круг од наградната игра.

Крашкомерц д.о.о.е.л. Краш Скопје
Управител

Азур Абаџиќ